МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# *Новини во здравствена психологија*

**Период 05-30.12.2016**

**Место на едукација-Институт за мајка и дете “Др Вукан Чупиќ-Белград”**

**Оддел –Служба за детска и адолесцентска гинекологија**

**Родителска куќа –Звончица**

**Ментор –Маја Радојевиќ Стојмировиќ**

**психолог , КБТ советник**


**психолог-гешт.советник**

**Билјана Минова Георгиева**

***ЈЗУ Институт по белодробни заболувања кај децата Козле, Скопје***

# Институт за мајка и дете Д-р Вукан Чупиќ –Белград




ОЧНА АМБУЛАНТА

**Внатрешна организација на Институтот за мајка и дете**

**Лекување на деца до 18 год. ( 25 години )**

**-Педијатриска клиника (200 постели)**

**-Клиника за детска хирургија (157 постели)**

**-Служба за хумана репродукција (33 постели)**

**-Републички центар за планирање на семејство (10 постели)**

**-37 постели за дневна болница на различни клиники од Институтот**

**-Служба за организација и планирање во здравствена заштита**

**-Служба за научно истражувачка и образовна дејност**

**-Сектор за немедицински работи**

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**Психолози во Институтот за мајка и дете Др Вукан Чупиќ-Белград**

**- Три психолози на Педијатриска клиника**

***Психодијагностика и психолошка поддршка на деца заболени од невролошки болести (епилепсија,главоболки,др.), ендокринолошки болести (дијабет,др ), кардиолошки болести, хематолошки (вклучувајќи леукемија), малигни тумори и др.болести**

***Психолошка поддршка на деца со новонастанат телесен хендикеп**

***Психолошка поддршка на семејството**

**-Еден психолог во Републички центар за планирање на семејство, оддел за детска и адолесцентска гинекологија**



**Кабинет на психолог**

# Здравствена психологија

Гранка на психологијата која се занимава со психолошките аспекти на здравјето и болеста во најширока смисла

Здравствената психологија ја воведува клиничката психологија во поширока област на делување –во превентивна здравствена заштита и психолошка превенција

Холистички пристап кон човекот- биопсихосоцијален модел на здравје и болест( интеракција на биолошки, психолошки и социјални фактори)

Ги користи сознанијата и методи на клиничката психологија, но и други методи и техники од сродни дисциплини (социјална психологија, психотерапија)

Психолозите во здравство користат советување + справување со болка

(тн. менаџирање на стрес, болка )

**Цели на психологија во здравство**

**1.Превенирање или минимизирање на стресот кај пациентот и семејството кој може да се доживее при соочување со дијагноза**

**2.Справување со стрес**

**3.Воспоставување на контрола над болката (биофидбек, сугестија, прогресивна мускулна релаксација, дистракција на внимание, броење, замена на негативни мисли со позитивни и други техники)**

**4.Техники со помош на визуелни и аудио средства**

**5. Духовни техники на совладување**

**6.Совладување со помош на допир**

**Улога на психологот на одделот за детска и адолесцентска гинекологија  (дел од мојата едукација)**

**-Психолошко советување (и психотерапија) на деца и адолесцентки**

**-Психолошко советување со нивните родители**

**-Психодијагностика кога постои сомнеж за психопатологија**

**Психолошка подготовка на клиентот и родителите кога треба да се соопштат тешки дијагнози и сложени здравствени состојби**

**-Психолошка проценка на емоционална зрелост и мотивација пред пластични операции**

**-Психолошка поддршка и психодијагностика при сомнеж на сексуално запоставување (0-18) и претрпено сексуално насилство**

**Пациенти (клиенти) во период на месец декември, 2016год.**

**-Девојки со функционални пореметувања на менструалниот циклус-сомневање на анорексија нервоза, булимија и други пореметувања на исхрана**

**-Девојки кои непланирано останале бремени**

**-Девојки со примарна аменореа**

**-Деца кои треба да се подготват за болна медицинска процедура**

**-Клиентки кои имаат емоционални проблеми типични за адолесценција**

**-Жртви на сексуална злоупотреба (силување, сексуално злоставување), емоционално, физичко занемарување или сексуално вознемирување**

**Посета на родителска куќа Звончица**

**Прва во Србија "дом далеку од дома "**

**Сместени се деца кои се лекуваат од малигни болести и нивните родители**

**Изградена е со донации во 2009 година а отворена за пациенти во март, 2010 година**

**Институт за мајка и дете воедно е и национален педијатриски центар за трансплантација на коскена срж. Овозможен е престој на деца и нивните родители кои живеат далеку од Белград, деца кои се помеѓу две терапии, оние кои живеат во лоши физички услови и дечиња кои треба да се под надзор од педијатрискиот тим.**

**Зградата е 840м2 во кои 4 апп се за потребите на болницата,8 апп за онколошки пациентчиња и нивните родители. Поседува заеднички дневен престој, кујна,трпезарија, училница, соба за веш и ТИВКА соба за разговор со психолог,лекар или посети.За неколку минути низ ходник се стигнува до оддел**

**Се нуди безбедност бидејки е во рамките на Институтот, овде не се спроведува терапија, нема бели мантили и лекарски визити освен кога се организира забава и дружење**

**Работилници во родителската куќа во кои учествував**

**-Креативни,уметнички и едукативни (подготовка и украсување на спратот со новогодишни аранжмани изработени од вештите рачиња на малите дечиња кои престојуваат таму)**

**Покрај хуманизацијата на долготрајниот престој, креативната работа се покажа како добра начин на експресија на психолошката состојба на дечињата, полесно изразување на нивните стравови, стрепења, идеи, надеж.**

**Зајакнување на одбранбените механизми за справување преку вклучување на браќа, сестри, родители кое доведува до зајакнување на целото семејство**



МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА



**Апартман во родителската куќа Звончица**

# Тивка соба за разговор



МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# Заклучоци/Научени лекции

**-Се стекнав со знаења како се работи психолошка сеанса по РЕБТ и КБТ пристап наспроти Гешталт за кој јас сум едуцирана**

**-Психолошка поддршка и терапевтска сеанса со сексуално вознемирувани дечиња и два случаи на силувани адолесцентки на возраст од 15.5 и 16 години. Препорака –следење на протокол одреден од министерството, обезбедување доверба и чести средби со детето и нивните родители помага во надминување на сексуалната траума**

**Користење на стратегии за превенција**

**-Тимски пристап во работа со анорексија, булимија (психолог,лекар-нутриционист,гинеколог,мед.сестра) Препорака- со мултидисциплинарен пристап во третман на анорексија, булимија и други нарушувања во исхраната имаме повеќе шанси за успех и надминување на болеста**

**-Новини во психоонкологија (советување и психосоцијална поддршка на дечиња кои боледуваат од најтешките болести и вклучување на целото семејство во третманот) бидејки детскиот канцер е семејна болест каде секој член од семејството трпи долготрајни последици**

**-Запознавање, соработка и размена на искуства со колеги психолози кои како и мене работат со најранливите -децата**

**-Употреба на психолошки тестови, најчесто БЕКОВ инвентар за деца и адолесценти и TSCC (trauma symptom checklist for children)**

-Посета на Институтот по Психологија на Филозофскиот факултет Во Белград каде студентите преку обуки се информираат за работата на Психолог во здравство. Како идеа истите посети да се организираат и на нашиот Институт

-Спроведување на обуки за здравствени работници и соработници за Холистичко сексуална едукација кои понатаму ќе ги едуцираат младите за стекнување знаења,вредности,вештини и ставови потребни за донесување одлуки и уживање во својата сексуалност,физички и емоционално, индивидуално и во односот со другите.

Ви благодарам

# Фотодокументација





МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА



